**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**ВЛАДИН АГЕНТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ИНФОРМАЦИЈА СО ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за**

**работата на Владиниот Агент и анализа на предметите и постапките**

**против Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права**

**за 2007 година**

**Скопје, април 2008**

## *1.ВОВЕД*

Република Македонија ја ратификуваше Европската Конвенција за човекови права и основни слободи (понатаму ЕКЧП) на 10 април 1997 година. Првите жалби против државата, започнаа да пристигнуваат кон крајот на 1999 година.

Од ратификација на ЕКЧП во Република Македонија, а заклучно со **31.12.2007** година, Владиниот агент на Република Македонија, постапувал по вкупно **100** предмети по поднесени жалби до Европскиот суд за човекови права (понатаму: ЕСЧП), за наводни повреди на правата и слободите предвидени во ЕКЧП од страна на Република Македонија. Од нив **24** предмети, односно 25% се пристигнати во 2007 година.

Од споменатите **100** предмети, заклучно со 31.12.2007 година **47** се завршени, а **53** предмети останаа активни и постапката пред ЕСЧП е во тек. Од завршените **47** предмети**,** одлуките по **20** односно 45% пристигнаа во 2007 година.

Неопходно е да се укаже дека податокот за бројот од 100 предмети кои биле или сеуште се во постапка пред ЕСЧП, заклучно со 31.12.2007 година, е релативен, од аспект на вкупниот и прецизен број на поднесени жалби против Република Македонија пред овој суд. [1]

Статистичките податоци на Европскиот суд укажуваат дека во текот на 1998 година, против Република Македонија **биле поднесени** вкупно пет жалби, во 1999 година вкупно 31 жалба, во 2000 година 41 жалба, во 2001 година вкупно 59 жалби, во 2002 година биле поднесени вкупно 95 жалби, во 2003 година 148 жалби, во 2004 година 148 жалби, во 2005 година 234 жалби, а во 2006 година 343 жалби.

Започнувајќи со прегледот за 2007 година, Судот оценил дека со цел да се добие попрецизна слика за неговата работа, статистиката за работата на судот се води во поглед на **апликациите**

---

[1] Ова се должи на: **Прво**, ЕСЧП го известува Владиниот Агент само за предметите по однос на поднесените жалби за кои судот оценил дека се допуштени; **Второ**, првите сознанија за предметите против Република Македонија, Владиниот агент ги добива во моментот кога Европскиот суд за човекови права, откако претходно ќе оцени дека жалбата е допуштена, истата ја доставува до Владиниот агент на Република Македонија, со барање Владата на Република Македонија да се произнесе по однос на прифатливоста и основаноста на жалбата. Овој факт претпоставува дека Владиниот агент, кој работи според процедурите на Европскиот суд, не може да располага со вкупниот и прецизен број на жалби кои се во тек пред Европскиот суд во периодот на поднесување на овој извештај, а кои потенцијално можат да бидат искомуницирани до Владата.

**кои се веќе распоредени пред одредено тело за одлучување**[2], во рамките на организацијата на Судот. Оттука, само во 2007 година по однос на Република Македонија[3] биле распоредени **454** жалби до телото за одлучување во рамките на судот. Вкупниот број на жалби дадени на одлучување во однос на Република Македонија од 1998 година, заклучно со 31.12 2007 година е **1352**.




Презентираните официјални бројки од страна на Европскиот суд за човекови права несомнено укажувааат на постојан пораст на жалбите кои граѓаните ги поднесуваат против Република Македонија пред ЕСЧП, видливо и од приказите погоре.

Пораст бележи и бројот на жалбите кои пристигнуваат пред Владиниот агент. Имено, до 31 декември 2006 година Владиниот агент постапи по 76 предмети, **во 2007 се примени 24 нови предмети**. Иако во 2007 година се пристигнати помалку нови предмети во однос на 2006 година (29), тенденцијата е прогресирачка по однос на донесените нови пресуди и одлуки (предмет на анализа во делот 2 од овој Извештај). Проценката на Владиниот агент е дека бројот на жалбите (како и на пресудите во однос на Република Македонија) кои се

---

[2] Доколку апликацијата не е веднаш административно одбиена, се распоредува во еден од петте оддели на Судот, од каде апликациите се доделуваат на одлучување на Комитет (во состав од 3 судии) или Совет (во состав од 5 судии).

[3] Следствено, со цел следење на прогресот во однос на овој број, а за Република Македонија, важно е да се напомене дека во 2006 година бројот на жалбите распоредени до тело за одлучување, а против Македонија изнесувал **289**.

комуницираат до Владата и натаму ќе прогресира, со оглед на фактот дека само во првите три месеци од 2008 година веќе се примени **38** нови жалби што претставува пораст од 63%.




Анализата на досега комуницираните предмети од страна на ЕСЧП укажуваат на податокот дека со поднесените жалби не се рамномерно актуелизирани судските одлуки на судовите во Република Македонија. Имено најголемиот број на жалби се однесуваат на предмети водени пред Основниот суд Скопје 1 (27 апликации), Основниот Суд Штип (14 апликации), Основен суд Скопје 2 (11 апликации) Основен суд Битола (9 апликации) и пред Врховниот суд на Република Македонија (8 апликации). Тоа значи дека 40% од апликациите пред ЕСЧП се однесуваат на предмети водени пред основните судови во Скопје.



## *2. ЗАВРШЕНИ ПРЕДМЕТИ*

**Во текот на 2007 година завршени беа 20 предмети против Република Македонија пред Европскиот суд**, со што вкупниот број на завршени предмети заклучно со 31.12 2007 година изнесува **47** предмети. [4]




Од 20–те завршени предмети пред ЕСЧП во 2007, **во 16 е констатирана повреда** од страна на Република Македонија по однос на човековите права, во една пресуда е констатирано дека жалбата е повлечена од страна на жалителот, а во преостанатите **три** предмети, ЕСЧП донесе одлуки со кои жалбите ги прогласи за **недопуштени**.

Детални информации по однос на завршените предмети пред Европскиот суд, заедно со пресудите и одлуките, веќе се доставени до Владата на Република Македонија и за истите од страна на Владата на Република Македонија се донесени соодветните заклучоци. Краток приказ на донесените заклучоци е даден во **Прилог 1** која е составен дел на оваа информација.

[4] Како завршени предмети, за потребите на овој Извештај се сметаат предметите кои се затворени со одлука на ЕСЧП (пресуда, конечна одлука за недопуштеност или пријателска спогодба), од вкупниот број на предмети комуницирани до Владиниот агент, односно Владата на Република Македонија.




Анализата на пресудите донесени во 2007 година укажува дека најголемиот проблем за Република Македонија и понатаму останува неефикасноста на македонските судови што резултира со најголем број на повреди токму на правото за судење во разумен рок. Имено од донесените 16 пресуди со кои се констатирани повреди на правата загарантирани со Конвенцијата, 11 се однесуваат токму на повреда на правото за судење во разумен рок.

Во 2007 година Европскиот суд донел 3 (три) конечни одлуки за недопуштеност на жалбата и тоа по предметите: **К.** (жалителот има заштитен идентитет од страна на Европскиот суд), **Бериша и Хаљити** и **Кертаков**[5]**.**

Во продолжение е даден табеларен приказ на повредите констатирани со пресудите на ЕСЧП во 2007 –та година.




[5] Одлуката по предметот Кертаков е донесена фактички во 2006 година, но поради превид сторен од страна на Европскиот суд, истата е комуницирана до Владата во текот на 2007 година и од тие причини е дел од овој извештај.

## 2.1. Досудени отштети со пресуди на ЕСЧП

ЕСЧП во текот на 2007 година во пресудите со кои констатираше повреди од страна Република Македонија, на жалителите им досуди и правично обесштетување, износ во вкупна висина од **31.266 евра**. Дел од вака досудените средства се веќе исплатени, а дел од процесни причини ќе доспеат во 2008 година.

Доколку износот на досудените средства се спореди со средствата барани од страна на жалителите, ќе се констатира дека постои значителна разлика помеѓу висината на побаруваните, наспроти висината на досудените износи. Овој факт е видлив од табеларниот приказ во **Прилог 2** кон овој извештај, а говори во прилог на заклучокот дека за жалителите од Република Македонија пред Европскиот суд од првостепено значење е финансискиот исход на поднесувањето на апликација пред судот.

Во 2007 година се јавија определени проблеми околу исплата на досудените средства односно дел од нив беа. Имено по стапувањето на сила на Законот за судови (1.1.2007) година и толкувањето на одредбата на член 36 став 4 дека *„правичниот надоместок паѓа на товар на Судски буџет“* , МФ, по пресудите каде беше констатирана повреда на правото за судење во разумен рок, престана да исплаќа отштети од Буџетот на РМ, туку започна истите да ги врши на товар на судскиот буџет, што предизвика реакција од Судскиот буџетски совет. Оваа ситуација се среди од 1.1.2008 година откога плаќањата повторно се вршат на товар на буџетот на Република Македонија

## *3. ПРЕДМЕТИ ВО ТЕК*

Од вкупниот број на **100** комуницирани предмети, **73** се од граѓанската област (што ја опфаќа парничната постапка и извршната постапка), **16** се од кривичната област и **11** од управната област. Следува табеларен приказ на прикажаната состојба :



Од вкупниот број на **100** предмети кои заклучно со 31.12 2007 биле комуницирани до Владиниот агент, како што веќе и понапред беше наведено, заклучно со 31.12.2007 година завршени се **47** предмети, а активни останаа **53** предмети[6].

Структурата на тековните предмети го следи генералниот тренд на застапеност по области во вкупниот број на предмети, така да и понатаму најголем број од активните предмети се по жалби за наводни повреди сторени во граѓанската (парнична) постапка и извршната постапка. Ваквата состојба пред се е резултат на примената на старите закони за парнична и извршна постапка кои воглавно генерираа долготрајни постапувања пред домашните судови чие траење не ретко се мери со децении. Покрај поранешните закони кои ги опфаќаа постапките пред домашните судови во сите инстанци, мора да се спомене и неразумното и неефикасно постапување на домашните судии, кои не беа навремено информирани за последиците од неприменувањето на Европската конвенција во македонскиот правосуден систем. Имено, со самиот факт дека Европската конвенција е ратификувана со закон во Парламентот, тоа и дава правна сила на ниво на закон кој претставува дел од домашната легислатива. Владиниот агент смета дека, домашните судови не ја разбраа соодветно или не беа ажурни во своето постапување и спроведување на одредбите од Конвенцијата во своите спорови, како што е правото на судење во разумен рок, право кое во најголемиот број на предмети пред ЕСЧП е нарушено од страна на домашните судови. Во врска со сите предмети, Владиниот Агент има изготвено писмени обсервации и/или дополнителни поднесоци по различни основи[7].




[6] Во вкупните бројки приложени во овој дел не се вклучени предметите кои се комуницирани до Владиниот агент по 31.12 2007 година.

[7] Вообичаено одбраната на Владата се темели на писмени обсервации во кои првенствено се одговара на прашањата поставени од страна на Судот. Дополнително, на барање на ЕСЧП и/или по процена на Владиниот агент, можно е доставување на дополнителни обсервации, како и одговор на барањата за правична отштета доставени од жалителите.

Од 53-те активни предмети кои се во постапка пред ЕСЧП, **42 се од сферата на граѓанското право** и тоа како во парничната сфера така и во сферата на извршување на граѓанските пресуди. Краток осврт на секој од граѓанските предмети е даден во **Прилог 3** кон овој Извештај.

Осум предмети се од областа на кривичното право, а краток осврт на секој од управните предмети е даден во **Прилог 4** кон овој Извештај. На предметите во кои е засегната управната постапка заклучно со 31.12.2007 година отпаѓаат најмал број на предмети- само. Краток осврт на секој од управните предмети е даден во **Прилог 5** кон овој Извештај.

## *4. СТРУКТУРА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖАЛБИТЕ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД*

### 4.1. ДИСПРОПОРЦИЈА НА ПОДНЕСЕНИ И КОМУНИЦИРАНИ ЖАЛБИ

Статистичките податоци за регистрирани жалби поднесени против Република Македонија (1352 жалби доделени на одлучување, според последните податоци) пред Европскиот суд и 100 комуницирани предмети укажуваат на голема диспропорција помеѓу поднесените жалби пред ЕСЧП од една страна, а од друга страна предметите комуницирани до Владата на Република Македонија.

Продолжува трендот жалбите и понатаму најчесто да се отфрлаат како недопуштени поради неисполнување на некој од формалните критериуми за допуштеност на жалба, утврдени со Конвенцијата, или пак поради очигледната неоснованост, што е предмет на оценка на Судот за секој поединечен случај. Овој тренд бележи нагорна линија и по оценка на Владиниот агент, сеуште најмногу се должи на недоволната информираност кај граѓаните во поглед на обемот на надлежностите и процедурите пред Европскиот суд, но и на недоволното познавање на Конвенцијата кај правничката јавност во Република Македонија.

Ваквата констатација се потврдува и со анализа на жалбите комуницирани до Владата на произнесување. Подносителите на жалбите, како и нивните застапници пред Европскиот суд од редот на адвокатската професија сеуште сметаат дека Европскиот суд за човекови права претставува касационен суд во однос на домашното судство. Македонските жалители сеуште имаат перцепција за Европскиот суд како за четврта инстанца и бараат од него да се впушта во ценење и изведување на докази кои биле дел од домашните судски постапки.

Во жалбите наместо да се прикажат конкретни повреди сторени од домашните органи врз правата и слободите загарантирани со Конвенцијата, жалителите бараат и предлагаат Европскиот суд да цени и изведува докази кои повеќе пати биле предлагани и ценети од

домашните судови, што претпоставува барање од ЕСЧП да се впушта во мериторно одлучени предмети. Според судската пракса на ЕСЧП[8],*" неговата функција не е да се занимава со погрешно утврдени факти, или пак наводно погрешна примена на материјалното право од страна на домашните судови, освен и само доколку тие може да ги загрозат правата и слободите загарантирани со Конвенцијата (Shenk v. Switzerland 12,July 1988, Series A.140 p.29 and 45).* Токму по овој основ неприкосновено најголем е бројот на жалбите од македонските граѓани кои Европскиот суд за човекови права веднаш ги прогласува за недопуштени, без притоа за истите да ја извести Владата на Република Македонија. Во одреден број предмети, пак, Судот ја прогласува за недопуштена жалбата во претежниот дел, а останува да одлучува само за едно или две права загарантирани со Конвенцијата.

## 4.2. ДИСПРОПОРЦИЈА НА БАРАНИТЕ И ДОСУДЕНИТЕ ОТШЕТИ

Перцепцијата на македонските граѓани за Европскиот суд како за четврта инстанца е особено видлива во делот на побарувањето за правична отштета, кое жалителите го подигнуваат уште со самото поднесување на апликација пред Европскиот суд, но и по поднесувањето на писмени обсервации од страна на Владата.

Владата според правилата на судот, посебно се произнесува за евентуалните поднесени барања за материјална и/или нематеријална штета, како и за трошоците во постапката.

Во најголем дел од случаите, жалителите од Европскиот суд бараат да ја пресуди онаа финансиска отштета која соодветствува на средствата за кои тие сметаат дека не им биле досудени од домашните судови во текот на постапката пред истите.

Сепак, Европскиот суд никогаш не се впушта во дополнителна преоценка на одлуките на домашните органи, туку секогаш се задржува само на утврдувањето на околностите, дали во постапките е повредено одредено право утврдено во Конвенцијата.

Оттука, евентуалниот износ што судот ќе го одреди како надомест за правична отштета, секогаш се однесува на отштета заради повредување на правата на жалителите, а не за нивна отштета како резултат на домашните постапки. Впрочем, и согласно праксата на Европскиот суд, целта на институтот “правична отштета“, така како што е дефиниран и разработен според членот 41 од Конвенцијата[9], не е збогатување на жалителите кои ќе го добијат спорот против

[8] При изготвувањето на владините обсерваци во одбрана на Република Македонија како тужена страна пред Европскиот суд, секогаш се користи праксата на ЕСЧП.

државата, туку  неговата улога е да ги направи стандардите во областа на човековите права јавни и обврзувачки. Со други зборови, овие стандарди не се неизбежно и исклучиво врзани со лукративниот аспект од апликацијата пред Европскиот суд, напротив, овој рестриктивен пристап супстанцијално ги намалува истите.

Во прилог на гореизнесеното е и табеларниот приказ во врска со пресудите и одлуките донесени во однос на Република Македонија од 2007 година, на износите кои ги побарувале жалителите пред ЕСЧП на име правилна отштета, наспроти износите кои се пресудени со одлука на судот прикажани во Прилогот 2 овој Извештај.

## 4.3. СТРУКТУРА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ЖАЛБИ

Жалителите пред Европскиот суд најчесто во своите жалби наведуваат наводни повреди на повеќе права загарантирано со Европската конвенција. По прелиминарното испитување на допуштеноста на жалбата, доколку Судот одлучи да ја комуницира истата до Владиниот агент на понатамошно постапување, поставува прашања за кои оценил дека се битни при донесувањето на конечната одлука во постапката.

Притоа Судот не е ограничен со наводите на жалителите во однос на кои права ќе бидат испитани, а кои според Конвенцијата биле повредени. Сепак, наводите на жалителите за членовите по кои се тврди наводна повреда на Конвенцијата, претставуваат битен индикатор околу тоа во кои области македонските граѓани сметаат дека им се повредуваат човековите права.

[9] Кога Судот ќе оцени дека постои повреда на Конвенцијата или на протоколите,  и доколку внатрешното право на засегнатата Висока договорна страна овозможува само делумна репарација на штетата, тогаш доколку е тоа неопходно, Судот ќе му додели правична отштета на оштетениот.




Согласно трендот и од претходните години, членот 6 став 1 од Конвенцијата, и тоа во делот за судење во разумен рок неприкосновено води со околку 95 проценти од вкупниот број на комуницирани апликации до Владиниот агент. Овој податок не треба да изненадува, ако се има предвид дека анализата на предметите пред Европскиот суд укажува на истоветен тренд и дека членот 6 е застапен во повеќе од 50% од жалбите поднесени пред Судот. Податоците за предметите пристигнати во 2007 година укажуваат дека во 21 од 24 пристигнати предмети се работи за жалби по основ на членот 6, став 1 – во делот за судење во разумен рок. Во еден случај се работи за жалба по основ на правото на фер судење од истиот член, еден случај е жалба за повреда на членот 7 став 1 (забрана за ретроактивно важење на законите) и еден случај е жалба за повреда на членот 1 од Протоколот 1 кон Конвенцијата (заштита на

сопственоста)




Прикажаната анализа укажува на фактот дека и понатаму правото на судење во разумен за македонските граѓани е најголемиот проблем во 2007 година.[10] Ова е и очекуван индикатор со оглед на фактот дека реформите во правосудството преземени во овој правец ќе се почуствуваат подоцна, а предметите кои досега се комуницирани до Владата на Република Македонија се однесуваат на судските постапки пред домашните судови водени заклучно со 2005-2006 година.

Анализата на предметите во кои е актуелизиран членот 6 став 1- судењето во разумен рок, укажа дека навистина станува збор за граѓански, извршни или управни постапки со времетраење од повеќе години, а често и децении.

Сите досега користени аргументи, како законските можности за неколкукратното враќање на предметите пред првостепените судови по основ на жалба или вонредни правни лекови, преголемиот обем на работа во судовите, неплаќањето на трошоците за вештачења, барањата на странките за одложувања на постапките, неуредните достави и сл, ЕСЧП веќе ги оцени како неуспешен обид за одбрана и донесе пресуди со кои се констатираа повреди на Конвенцијата. Оттука, се цени дека е разбирлива новата практика на ЕСЧП во однос на одредени жалби насочени против Република Македонија.

[10] Со оглед на динамиката на работата на ЕСЧП, во моментот до Владиниот агент се комуницираат апликации кои биле поднесени пред судот во 2004 година.

## 4.4. ИНИЦИРАЊЕ НА ПРИЈАТЕЛСКО СПОГОДУВАЊЕ ОД ЕСЧП

Во 2007 година ЕСЧП иницираше нов тренд на постапување. Имено, по осум жалби, паралелно со доставата на жалбата, иницираше нова пракса со истовремено доставување на предлог за пријателска спогодба до Владата, на износот утврден од страна [11] на Судот.

Владиниот агент, по оценка на фактите утврдени со увид во судските предмети и жалбите, излезе со став дека постојат одлучувачки аргументи да се прифатат предлозите за посредување при постигнување на пријателска спогодба од страна на Судот и тоа од следните причини:

-во сите осум жалби се работеше за предмети во кои жалителите се жалат на повреда на правото на судење во разумен рок, а за предмети кои биле или сеуште се во постапка пред домашните судови по повеќе од десет години,

-во сите жалби се работи за постапувања и преземени дејствија од страна на домашните судови, за кои Европскиот суд со пресуди против Република Македонија, оцени дека се влијаат врз должината на постапката и претставуваат одговорност на државата,

-фактот дека Европскиот суд иницираше пријателска спогодба во предметите, Владиниот агент го цени како сигнал дека се работи за жалби кои се практично неодбранливи, односно аргументацијата на Владата во одбрана на своите позиции би била многу слаба.

Владиниот агент за ваквата состојба со информација ја извести Владата на Република Македонија која пак ја овласти Владиниот агент да ја изрази спремноста на Владата за постигнување на пријателска спогодба и да понуди износ определен од ЕСЧП. Во четири од вкупно осум жалби, во кои била предложена пријателска спогодба, жалителите се согласија на истата, па се чекаат формални пресуди на ЕСЧП со кои ќе се констатира симнувањето на предметите од листата на активни судски предмети. Во четири предмети, жалителите го одбија предлогот на ЕСЧП, или не се изјасниле по истиот заради што постапката пред Судот продолжува.

---

[11] Правилата и критериумите на Судот по однос на методологијата за процена на сумите кои судот смета дека во случај на пријателска спогодба би претставувале правична отштета за жалителите , не се достапни за владите на државите-договорнички и се сметаат за интерна процена на Судот.

## *5. ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД*

Извршувањето на пресудите на Европскиот суд е регулирано со членот 44 од Европската конвенција за човекови права и основни слободи. Имено, пресудата треба да се изврши откако ќе стане конечна. Конечноста се стекнува под неколку услови: 1)ако странките изјават дека не бараат нивниот предмет да биде разгледан пред Големиот судски совет; 2) доколку во рок на три месеци по денот на донесување на пресудата, не е побарано предметот да биде разгледан од страна на Големиот судски совет; 3) како и доколку Големиот судски совет го одбие барањето.

Во склад со член 46 од Конвенцијата, високите договорни страни се обврзани да ги извршат конечните пресуди на Судот, во предметите каде биле страна во спорот. Надзорот над извршувањето на конечните пресуди го врши Комитетот на Министрите (КМ во натамошниот текст), кој одржува сесии посветени исклучиво на контролата врз извршувањето на пресудите на Европскиот суд од страна на државите договорнички. Доколку КМ констатира[12] дека земјата ја извршила пресудата во сите нејзини сегменти, донесува **Финална резолуција** со која се констатира дека државата во целост извршила одредена пресуда, по што се симнува од листата на неизвршени пресуди.

По однос на Република Македонија засега пред КМ се наоѓаат за следење на извршување 14 пресуди, а нема донесено ниту една Финална резолуција. Причините за ова ќе бидат прикажани подолу во делот 5.3 кај проблемите со извршувањето на пресудите.

Една од клучните точки во плановите за реформа на судскиот систем на ЕСЧП и подобрувањето на неговата ефикасност се и мерките кои треба да се преземат во поглед на поефикасното извршување на судските пресуди.

Извршувањето на пресудите на ЕСЧП опфаќа два вида на мерки кои што земјите треба да ги преземат со цел да се констатира ефективно извршување на пресудите и тоа: индивидуални и генерални мерки.

### 5.1 ИНДИВИДУАЛНИ МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕСУДИТЕ

Индивидуалните мерки можат да се поделат во дополнителни два вида: фискални и поединечни правни мерки преземени со цел да се исправи повредата на правата на жалителот.

***5.1.1. Фискалните импликации*** всушност се исплати во корист на жалителите на досудените средства со пресудите на ЕСЧП.

[12] Констатацијата е резултат на бројни анализи на податоците од повеќе сегменти (законодавство, индивидуални постапувања, исплати на оштетите исл) за државата

Во овој дел Република Македонија може да се каже дека во претежен дел навремено ги извршува пресудите на Судот.

Имено веднаш по добивањето на известување од страна на Судот дека е донесена пресуда по предмет против Република Македонија, и по објавувањето на пресудата, Владиниот агент со информација ја известува Владата на Република Македонија. Ова со цел да се запознае Владата со констатираниот проблем, како и со фискланите импликации кои ја очекуваат државата.

Владиниот агент ја известува Владата и за конечноста на пресудите, бидејќи одтогаш започнува да тече рокот од три месеци за евентуалната исплата на паричната отштета.

Владиниот Агент во соработка со Министерството за финансии презема и мерки за подготовка за исплата на досудените средства, во смисол на подготвување на Одлуката за исплата на средствата на жалителот, во рокот определен со правосилната пресуда.

Како што понапред веќе беше споменато, освен неколку екстремни примери, исплатите воглавно се вршат навремено. Проблеми се појавија кај одредени жалители, кои незадоволни од износот на досудените средства (а заради огромната диспропорција помеѓу бараниот и досудениот износ) одбиваат да достават податоци за сметка на која што би можеле да им се префрлат досудените средства.

Владата веќе беше информирана за овој проблем, бидејќи Република Македонија без своја вина е доведена во ситуација да евидира на листата на земји кои не ги извршуваат пресудите на ЕСЧП, а неизвесно е дали неможноста за исплата на досудените средства нема да резултира со дополнително оптеретување на државата со затезни камати до неизвесен датум.

За таа цел Владиниот агент веќе комуницираше со Министерството за финансии со цел изнаоѓање на начин на кој ќе се вршат исплатите на досудените средства на незадоволните апликанти кои ќе го опструираат извршувањето на пресудите на ЕСЧП што пак од друга страна ќе создава политички негативни поени за Република Македонија пред Советот на Европа и Европската Унија[13] .

***5.1.2. Поединечните правни мерки преземени со цел да се исправи повредата на правата на жалителот*** подразбира можност на жалителот во рамки на домашниот правен систем да ја исправи неправдата која била основ за поднесување на жалбата пред Европскиот суд. Тоа најчесто значи можност за забрзување на постапките пред домашните судови или управни органи, обвинителствата или другите државни органи, повторување или обновување

[13] Со оглед на фактот дека за поглавјето 23 – човекови права од ACQIUS Communutaire се ценат одлуките на ЕСЧП и почитувањето на Европската Конвенција за човекови права

на постапките пред домашните судови или органи и слично, а во зависност од повредата констатирана во пресудата.

## 5.2. ГЕНЕРАЛНИ МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕСУДИТЕ

Генералните мерки подразбираат преземање на мерки со цел отстранување на евентуалните системски пречки и проблеми, за кои се смета дека доведуваат до повреда на правата на граѓаните загарантирани со Конвенцијата.

Генералните мерки опфаќаат превод и дисеминација (дистрибуција) на пресудите до инволвираните органи, стручната и широката јавност, како и анализа на законодавството кое било имплементирано и за кое се смета дека довело до констатираната повреда.

По однос на Република Македонија, сеуште не е донесена т.н. пилот-пресуда, со која се констатираат системски проблеми кои доведуваат до повреда на одредено право, иако таква специфика може да се лоцира во повредите на правата од членот 6 став 1 од Конвенцијата, со посебен акцент на правото на судење во разумен рок. [14]

Владиниот агент е на став дека единствената причина за недонесување на пилот пресуда на ЕСЧП по однос на Република Македонија со лоциран проблем за спората правда, претставува креираната и спороведена реформа на правосудниот систем.

Имено, уште во 2004 година, пред донесувањето на првите пресуди на Европскиот суд во однос на Македонија, Владиниот агент, анализирајќи ги слабостите на процедуралните закони низ годините и предметите, го лоцираше овој проблем и укажуваше дека е неопходно преземање на низа на мерки со кои би се надминале вакви предмети во иднина. Свеста дека спората правда е неправда, се разви и кај другата правна јавност и започна системска битка за рашавање на овој проблем. Резулатат се целата низа на усвоени процедурални закони, со чија примена, легитимно се очекува да доведат до намалување на повредата на ова право, и соодветно, намалување на бројот на апликациите пред Европскиот суд, а во врска со членот 6 став 1 од Конвенцијата.[15]

---

[14] Секој, при определувањето на неговите граѓански права и обврски, или кога е кривично гонет, има право на правично и јавно судење во разумен рок, пред независен и непристрасен трибунал основан со закон. Пресудите ќе се изрекуваат јавно, но печатот и јавноста може да се исклучат во дел или во целиот тек на постапката заради заштита на моралот, јавниот ред или националната безбедност на едно демократско општество, потоа, кога заштитата на интересите на малолетен престапник или приватниот живот на странките во постапката тоа го наложува, или кога судот го смета тоа за стриктно неопходно, кога постојат посебни околности , при која јавноста на постапката би можела да им наштети на интересите на правдата. ″

[15] Потребно е да се напомене дека жалбите по однос на повредата на правото на судење во разумен рок не претставуваат специфика карактеристична само за Република Македонија. Напротив, жалбите по овој основ преставуваат околу 50% од вкупно сите жалби пред Европскиот суд.

Сепак, со оглед на релативно неодамнешното стапување во сила на новите процесни закони, Владиниот агент е на став дека треба нивно целосно ефектуирање во пракса.

Владиниот агент во текот на 2007-та година веќе лоцираше проблем во имплементација на новото правно средство востановено со Законот за судови, заради што предложи соодветни измени во Законот за судови во правец на ефектуирање на судската заштита. Измените на Законот изготвени уште во јуни 2007-та беа усвоени во март 2008 година, а во меѓувреме веќе е донесена и пресуда (Паризов-февруари 2008)  со која се констатираше истоветниот проблем – неефективност на правното средство востановено со Законот за судови.

За сите пресуди Владата е редовно и навремено известувана со Информации од Владиниот агент, а доставувани се комплетните пресуди на македонски јазик со цел со содржината на истите да бидат запознаени и членовите на Владата, разните комисии, а преку нив и соодветните министерства.
Едновремено сите пресуди се преведуваат и објавуваат на веб страната на Министерството за првда со цел истите да и бидат достапни и на поширокота јавност. Дополнително пресудите се доставуваат и до судовите и соодветните органи кои биле инволвирани во конкретните предмети, со цел истите да се запознаат детално со пресудите и да ги согледаат забелешките на ЕСЧП како би се избегнале истоветни пропусти во иднина.

## 5.3. ПРОБЛЕМИ ВО ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕСЧП

Изминатата 2007 година  е карактеристична и по тоа што Одделението за следење на извршувањето на пресудите при Советот на Европа преку Министерството за надворешни работи и Постојаната мисија испрати укажувања до Владата, дека Република Македонија е сеуште на листата на земји за која нема ниту една Финална резолуција дека преземала мерки за извршување на 13-те пресуди.
Станува збор за следните пресуди: а) разумен рок во граѓански и работни спорови кај Јанева, Атанасовиќ, МЗТ Леарница, Михајловски, Милошевиќ; б)немање ефикасна истрага од ЈО - Јашар; в) проблеми со вештачење во кривична постапка - Стоименов, г)разумен рок во управни постапки- Думановски и Доцевски; д) нефер судење– Гроздановски и Митревски ѓ) сопственост - Џидровски и Веселински.

Овој број драстично ќе се зголеми во 2008-та година со оглед на бројот на пресудите донесени во 2007 година и кои статусот на конечност го добија кон крајот на 2007 и почетокот на 2008-та година.

**Владиниот Агент проблемот го лоцира во недефинираниот систем на извршување на пресудите на ЕСЧП како и за начинот на информирање на Советот на Европа и КМ за мерките преземени во правец на извршување на пресудите на ЕСЧП.**

Таа улога сега ја има Постојаната мисија на РМ при СЕ која ја застапува државата на седниците на КМ на кои што се следи извршувањето на пресудите и каде се референцираат преземените мерки на земјите во правец на извршување на пресудите. За таа цел повремено беа барани информации[16] од Владиниот агент по однос на преземените активности за извршување на пресудите.

Имајќи предвид дека Владиниот агент на Република Македонија, ниту пак некој од државните службеници вработени во Одделението за поддршка на Владиниот агент, немале прилика да присуствуваат на настаните каде се рефирираат состојбите за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекви права, а имајќи го предвид постојаното присуство на Мисијата во седиштето на Советот на Европа, искуство и можноста да се следи начинот на извршувањето на пресуди на Судот и референцирањето на останатите држави, беше испратено барање за компаративна анализа на начинот на кој другите држави ги извршуваат своите пресуди, но таква информација не пристигна до Владиниот агент.

Владиниот агент со позицијата и статусот кој што ги  има (државен службеник во Министерството за правда) нема ниту овластувања, ниту пак институционални капацитети[17] и можности да предлага или наложува соодветни активности или постапувања на бројни управни или судски органи и да ја утврдува динамиката на постапувањата на истите. Знаејќи ја природата и тежината на пресудите на ЕСЧП, а од друга страна состојбата во државата од аспект на тековните предмети кои со години наназад се водат пред ЕСЧП, Владиниот Агент го навести  проблемот со извршувањето на пресудите во овој дел и во извештаите за својата работа во изминатите години укажуваше на потребата за формирање на меѓуресорско тело кое

---

[16] По правило информациите се бараа итно, на самиот ден на одржување на седницата на КМ, а не беше исклучок и барањето да биде доставено по истекот на седницата на КМ- без притоа да се има предвид што се подразбира извршувањето  на пресудите и кои се активности треба да се извршат за да се подготват бараните информации. .

[17] Владиниот агент во вршењето на својата работа е подржан од Одделението за подршка на Владиниот агент во рамки на Секторот за правосудство при Министертвото за правда- со четири извршители, кои по потреба се ангажираат и во другите дејности на Министертвото.

што ќе ги анализира пресудите на ЕСЧП и ќе ги предлага соодветните мерки со цел извршување на истите.

Претпоставка е дека токму заради таа цел Владата на Република Македонија 2006-тата година го формираше и Меѓуресорското тело за човекови права, но притоа беше направен суштински пропуст па во составот на телото не беше предвиден Владиниот агент, а во делогругот на работите кои што ги врши телото не беше предвидено да се анализираат пресудите на ЕСЧП и да се изработуваат на акционите планови за извршување на пресудите на ЕСЧП.

**За таа цел Владиниот агент чувствува за потребно да и укаже на Владата на Република Македонија дека е неопходно редефеинирање на статусот и делокругот на Меѓуресорското тело за човекови права и тоа во правец на формирање на постојано тело кое континуирано ќе работи на следење на пресудите на ЕСЧП, анализа на проблемите, изнаоѓање на начини за надминување на проблемите, изработка на акционите планови за извршување на секоја поединечна пресуда на ЕСЧП- со дефинирани дејствија и временски рамки кои ќе се комуницираат до Советот на Европа, кој потоа ќе го следи извршувањето на така изработените планови.**

Напоменуваме дека Владиниот агент ниту пак Министертвото за правда, каде што тој во моментот организационо припаѓа, освен она што се презема во правец на превод и дисеминација на одлуките на ЕСЧП, не се во можност да обезбедат реализација на сето она што се очекува од Владата. Ова од причина што пресудите се однесуваат на најразлични сфери кои наложуваат инволвираност и посветеност на разни институции и органи и преземање на конкретни обврски и дејствија во строго определени рокови, а сето тоа ќе треба во вид на конкретен акционен план да се достави до Советот на Европа, кој ќе го надгледува процесот на извршувањето на пресудите и доколку се констатира квалитетот на преземеното од постапувањето на државата, предметот се смета за извршен.

Советот на Европа во својата Резолуција 1516 (2006) веќе децидно укажа на потребата од ефективна имплементација на одлуките на ЕСЧП на секоја од земјите членки и веќе посочува на некои позитивни примери на земји каде извршувањето во земјите е решено на добар начин (*Италија* има донесено посебен закон каде е дефинирана одговорноста на Премиерот на Итралија да ги извршува пресудите како и надзор над преземеното од страна на Парламентот, *Украина*-посебен закон за извршување на пресудите на ЕСЧП, *Обединетото Кралство*-Заедничка Комисија за човекови права на Британскиот парламент и сл)

Во секој случај извршувањето на пресудите на ЕСЧП е многу сложен процес кој претпоставува тимска меѓуресорска работа  и не може да биде третирана како исклучива одговорност на Владиниот агент или на едно ресорно Министерство.

Како неопходност се наметнува и потребата од дефинирање на систем за известување на КМ на Советот на Европа за преземените мерки во земјата, што би довело до констатција на КМ дека државата ги исполнила своите обврски преземени со Конвенцијата.

## 6. ПРОБЛЕМИ СО КОИ СЕ СООЧУВА ВЛАДИНИОТ АГЕНТ ПРИ ИЗВРШУВАЊЕТО НА ФУНКЦИЈАТА

### 6.1. Организација

Изминаа веќе 10 години откако Република Македонија е под надлежност на ЕСЧП што пак ја наметна обврската за државата да ја формулира и осмисли Функцијата Владин агент на Република Македонија. [18]

Владиниот агент функцијата ја извршува од 2001 година до денес, со тоа што до 2005-та година работеше како поединец.

Во 2005-тата се формираше Одделението за подршка на работата на Владиниот агент во рамки на Секторот за Меѓународно Правна помош кое функционираше со еден вработен, за да од 2006-та премине во Секторот за правосудство. Одделението се екипираше дури кон втората половина на 2006-та година со уште три лица способни да одговорат на сериозните работни задачи кои стојат пред нив, со што во последен момент беше избегната опасноста од неможноста за справување со зголемениот прилив на предметите. Одделението за својата работа му одговара на Владиниот агент, кој едновремено е и државен советник во Министертвото за правда.

### 6.2. Организациони проблеми

[18] Функцијата е востановена 1998-та година, најнапред како орган во  состав на Владата на Република Македонија, а потоа 2001-та година таа функција се прелеа во Министерството за правда со што се изгуби својството на орган. Функцијата се извршува од страна на државен службеник- од редот на државните советници во Министерството за правда а во склад со odlukata za utvrduvawe na polo`bata na Vladiniot Agent na Republika Makedonija vo postapkite pred Evropskiot Sud za ~ovekovi prava од 2001 година

Во текот на 2007-та година покрај континуираниот прилив  на нови предмети, се случи и очекуваниот наплив на пресуди на ЕСЧП со кои што се констатираа повреди на правата загарантирани со Конвенцијата.

Ова наметна бројни други обврски во смисла на преводи, објавувања на пресуди, подготвување на информации до Владата, подготовки за исплата на досудените средства на жалителите-во правец на реализација на еден од сегментите на извршување, следење на извршувањето, бројна комуникација со домашните органи и бројни други активности за Владиниот агент и вработените во одделението во рамки на редовните обврски на Министерството за правда.

Видно од статистиката прикажана погоре, бројот на апликации пред Европскиот суд за човекови права против Република Македонија прогресира. Соодветно на тоа расте и бројот на комуницирани предмети и сериозноста на истите до Владата на Република Македонија, а за кои пред се е потребно да се подготви соодветна одбрана. Зголемениот број на предмети го зголеми обемот и тежината на работа на Владиниот агент и Одделението за поддршка на Владиниот агент, особено во периодот на последните две години.[19]

Паралелено со бројот на предмети, расте и бројот на пресуди против државата, што се рефлектира во потребата од зголемен број на активности за нивно извршување. Понапред во делот на извршувањето на Пресудите на ЕСЧП беше укажано на новите правила за следење на иавршувањето на пресудите од страна на Комитетот на Министри, и дека се очекува Владата да изготви соодветен акционен план за имплементација, кој потоа ќе биде доставен до Комитетот на Министри на Советот на Европа.

Неспорно е дека за изготвување на акционите планови за извршување на пресудите на ЕСЧП неопходен ќе биде ангажман на Владиниот агент и вработените во Одделението за подршка на Владиниот агент.

Неспорно е и дека функцијата на Владиниот агент не претставува суштинска дејност на Министерството за правда[20]. Ситуацијата од дополнителни работни обврски во самото Министерство последователно се рефлектира како на Владиниот агент, така и на вработените во Одделението за подршка на Владиниот агент. Имено, за работа на Владиниот агент Министерството за правда од 2001 година има определно една канцеларија, во која веќе две години се сместени и Владиниот Агент и сите вработени во одделението, како и сите предмети пред ЕСЧП. Едновремено и Владиниот Агент (кој е државен советник во МП) и вработените во

---

[19] До март  2008 до Владата беа доставени нови 38 жалби поднесени од страна на наши граѓани пред ЕСЧП

[20] Zakonot za organizacija i rabota na organite na dr`avnata uprava во член 17 не utvrdува изрична zakonska obvrska za Ministerstvoto za Pravda da ja izvr{uva funkcijata za zastapuvawe na dr`avata pred Evropskiot Sud za ~ovekovi prava,

одделението, иако соочени со зголемен обем и тежина на работните обврски, се користат и за вршење на други тековни работи во Министерството, со што често пати се доведува опасност навременото и квалитетно извршување на основната функција, застапување на Република Македонија пред ЕСЧП.

### 6.2.Комуникациски проблеми

Владиниот агент во 2007-та година беше соочен со комуникациски проблеми, кои се одразуваат на претставувањето на Република Македонија пред Советот на Европа.
Имено, во неколку наврати се наметна обврската да се подготвуваат информации до МНР по однос на барања на Советот на Европа, како и по однос на извршувањето на пресудите на ЕСЧП, во рокови од само неколку часа. Ова не би било ништо спорно доколку е тоа динамика која ја наметнува Советот на Европа.
Станува збор за фактот дека Постојаната Мисија на РМ при Советот на Европа бара податоци од МНР, кое пак вообичаено *post festum* (по истекот на рокот за кога се закажани состаноците во Стразбур или најрано на денот на одржување на состанокот) го препраќа барањето од Стразбур до Владиниот агент.

Невозможно, е подготвување на квалитетна информација за неколку часа. Треба да се има предвид дека најчесто таквите информации најверојатно и не се презентираат од страна на Мисијата пред Советот на Европа, со оглед на фактот дека состаноците се веќе завршени во моментот на приемот на информацијата од страна на Владиниот агент. Во поддршка на ваквиот став е и последното барање на СЕ (добиено директно од Мисијата во Стразбур), каде е констатирано дека за одредени предмети се чека на неодговорени информации од земјата од 2006 и 2007 година, и тоа во ситуации кога Владиниот агент доставил податок за она што можело да се достави - исплати по конечна пресуда, завршен предмет, донесени закони во рамки на правосудната реформа и копии од истите на ЦД и сл.[21]

[21] Ваквата ситуација резултираше со листа од 13 пресуди, по кои Советот на Европа немал информации од Владата за стадиумот на извршување заради беше реализирана и посета на Одделението за имплементација на пресудите на ЕСЧП на Советот на Европа, во март 2008 година

## *7. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА*

- **Континуиран е зголемениот прилив на** предмети пред ЕСЧП против Владата на Република Македонија, предјавен во претходните годишни извештаи, а **веќе само во првите три месец од 2008 година пристигнаа нови 38 предмети.**

- Во 2007 забележан е пораст на пресудите (16) со кои што се констатираа повреди на правата загарантирани со Европската Конвенција за човекови права. Во ниту една пресуда не беше констатирано дека Република Македонија не ги повредила човековите права.

- Структурата на поднесените жалби пред Европскиот суд во текот на 2006 година го следи трендот на претходните години па и натаму најголемиот број на предмети се однесуваат на предмети од граѓанската сфера.

- Најголемиот проблем и понатаму останува разумниот рок на постапување пред домашните судови и немањето на ефективно правно средство за заштита токму на правото за судење во разумен рок. Повеќе од потребно е да веднаш да се имплементираат измените во Законот за судови усвоени во март 2008 година и Врховниот суд да започне да постапува по овие предмети во земјата, со што би се покажал прогрес во сферата на ефективно правно средство за судењето во разумен рок.

- Судот продолжи со трендот, да досудува правичен надомест за обесштетување на жалителите. Засега извршувањето на пресудите на Европскиот суд во делот на исплатите тече без никаков проблем и исплатите на досудените средства се вршат претежно во роковите определени од Судот.

- Судот иницираше нова пракса во 2007 година, а тоа е самиот да иницира пријателски спогодувања помеѓу државата и жалителите, со предлагање на износи согласно пракстата на ЕСЧП. Тоа се случува во предмети каде фактите утврдени со увид во судските предмети и жалбите во кои жалителите се жалат на повреда на правото на судење во разумен рок, а за предмети кои биле или сеуште се во постапка пред домашните судови повеќе години, и за кои ЕСЧП со пресуди против Република Македонија, оцени дека се влијаат врз

должината на постапката и претставуваат одговорност на државата. Фактот дека Европскиот суд иницираше пријателска спогодба во предметите, Владиниот агент го цени како сигнал дека се работи за жалби кои се основани, и аргументацијата на Владата во одбрана на своите позиции би била многу слаба.

- Советот на Европа веќе го констатираше проблемот со неизвршувањето на Пресудите на ЕСЧП во делот на генералните мерки и индивидуалните мерки- особено поединечните правни мерки преземени со цел да се исправи повредата на правата на жалителот. Владиниот Агент проблемот го лоцира во недефинираниот систем на извршување на пресудите на ЕСЧП како и за начинот на информирање на Советот на Европа и КМ за мерките преземени во правец на извршување на пресудите на ЕСЧП. За таа цел Владиниот агент смета дека е најцелисходно да се размислува за законско решавање на целиот овој процес до крајот на 2008 година, со што во иднина би се избегнале пропусти и недоречености.

- Со две пресуди на ЕСЧП се лоцирани проблеми во кривичната сфера што претпоставуваат преземање на генерални мерки, односно мерки на законодавен план и тоа: измени во кривична постапка, за јавното обвинителство и за работата на полицијата (Јашар, Стоименов). За таа цел работните групи кои работат на соодветните измени во наведените закони би требало да ги земат предвид наведените пресуди и да се обидат да ги надминат таквите проблеми во иднина.

- Изминаа 10 години од постоењето на фукнцијата на Владин агент. Изминатиот временски период и континуираното зголемување на обемот на работата и обврските кои ги наметнува оваа функција, а од друга страна условите во кои што истата се извршува, укажуваат на несоодветна организациона поставеност на функцијата во Министертвото за правда, што наметна неопходност од преземање на зафати за обезбедување на статусно и организационо просторни услови за извршување на новите задачи. Треба да се размислува за институционализирање на функцијата Владин агент и соодветниот облик за негова подршка на законски начин, со прецизно дефинирање на статусот, надлежностите, комуникацијата и слично.

- Лоцирани се проблеми во немање на соодветна и навремена комуникација на Министерството за надворешни работи со Владиниот агент, што генерира негативни

последици спрема државата од страна на Советот на Европа. Треба да се дефинираат прецизни правила за комуникација на МНР и Постојаната мисија на РМ при Советот на Европа со Владиниот агент со што ќе се овозможи навремено прибирање и давање податоци пред телата на Советот на Европа. Владиниот агент смета дека и овој проблем би можел да биде надминат доколку законски се уреди сферата на извршување на пресудите и надлежноста за информирање на КМ при СЕ.

**ПРИЛОГ 1**

**Краток приказ на заклучоците донесени од Владата на Република Македонија по однос на пресуди на ЕСЧП**

1. Со Заклучок бр.19-1734/1 од 27.3 2007 година беше усвоена Информацијата за пресуди донесена во врска со следниот предмет:

- **Јашар против РМ** ( кривичен предмет) – предмет во кој со Пресуда од 15.2.2007 година беше констатирана повреда на забраната за нечовечко и деградирачко однесување од член 3 од Конвенцијата и беше досуден износ од 3.000,- Евра за надомест на нематеријална штета, 5000 евра за трошоци и надоместоци направени од Европскиот Центар за заштита на Ромите со седиште во Будимпешта и 4.148 евра за трошоци и надоместоци на македонскиот застапник во случајот. Со Одлука на Владата од 26.6. 2007 г. е утврдена исплата на досудените средства.

2. Со Заклучок бр.19-2407/1 од 02.05 2007 година беше усвоена Информацијата за пресуди донесени во врска со следниот предмет:

- **Стоименов против РМ** (кривичен предмет) – предмет во кој со Пресуда од 05.04 2007 година беше констатирана повреда на правото за правично судење од член 6 став 1 и беше досуден правичен надомест од 1000,- Евра за надомест на нематеријална штета и 500 евра за трошоците во постапката. Со Одлука на Владата од 11.9 2007 била утврдена исплатата на досудените средства.

3. Со Заклучок бр.19-3656/1 од 26.6 2007 година беше усвоена Информацијата за пресуди донесени во врска со следните предмети:

- **Козаров против РМ** (управен предмет) – во кој со Пресуда од 15.2 2007 беше одлучено да се отстрани предметот од листата на предмети, поради тоа што жалителот немал намера да продолжи со постапката,
- **Доцевски против РМ (**управен предмет) - во кој со пресуда од 1 март 2007 година била констатирана повреда на правото на судење во разумен рок според членот 6 став 1 и досуден износ од 3600 евра за нематеријална штета и 600 евра за трошоци и надоместоци. Со Одлука на Влада од 25.7 2007 г. Била утврдена исплата на досудените средства.

4. Со Заклучок бр. 19-5365/1 од 11.09 2007 година беше усвоена Информацијата за пресуди донесени во врска со следните предмети:

- **Сали против РМ** (парничен предмет)– во кој со пресуда од 5.07 2007 година била констатирана повреда на правото на судење во разумен рок според член 6 и биле досудени 1400 евра за трошоци и надоместоци. Со Одлука на Владата од 11.12 2007 година е утврдена исплатата на овие средства.
- **Лазаревска против РМ** (парничен предмет) во кој со пресуда од 5.07 2007 беше констатирана повреда на правото на судење во разумен рок од членот 6 став 1 и беше досуден износ од 600 евра на име нематеријална штета.
- **Зибери против РМ** (парничен предмет-работен спор) во кој со пресуда од 5.07 2007 година беше констатирана повреда на правото на судење во разумен рок и досуден износ од 500 евра на име нематеријална штета. Со Одлука на Владата од 11.12 2007 г. е утврдена исплата на овие средства.

5. Со Заклучок бр. 19-4429/1.2 и 3 од 25.7 2007 година беше усвоена Информацијата за пресуди донесени во врска со следните предмети:

- **Гроздановски против РМ** (парничен предмет) во кој со пресуда од 31.5 2007 е утврдена повреда на правото на фер судење и досудени 1500 евра на име нематеријална штета. Со Одлука на Владата од 6.11 2007 г. била утврдена исплата на досудените средства.

- **Дика против РМ** (парничен предмет) во кој со пресуда од 9.5 2007 година е утврдена повреда на правото на судење во разумен рок и досудени 600 евра за трошоци и надоместоци
- **Митревски против РМ** (парничен предмет) во кој со пресуда од 21.6 2007 година е утврдена повреда на правото на фер судење и досуден износ од 248 евра на име трошоци. Со Одлука на Владата од 11.12 2007 е утврдена исплатата на овие средства.
- **Михајловски против РМ** (парничен предмет–работен спор) во кој со пресуда од 31.5 2007 е утврдена повреда на правото на судење во разумен рок и досудени 1300 евра на име нематеријална штета
- **Стојанов против РМ** (парничен предмет-работен спор) во кој со пресуда од 31.5 2007 година е утврдена повреда на правото на судење во разумен рок и досудени 1070 евра на име нематеријална штета. Со Одлука на Владата од 6.11 2007 г. била утврдена исплата на досудените средства.
- **Граберска против РМ** (парничен предмет) во кој со пресуда од 14.6 2007 година е утврдена повреда на правото на судење во разумен рок и досудени 1600 евра на име нематеријална штета. Со Одлука на Владата од 6.11 2007 г. била утврдена исплата на досудените средства.

6. Со Заклучок бр. 19-289/1 од 20.01 2008 година беше усвоена Информацијата за пресуди донесени во врска со следните предмети:

- **Стојковиќ против РМ** (парничен предмет-работен спор) во кој со пресуда од 8.11 2007 е утврдена повреда на правото за судење во разумен рок и досудени 2600 евра нематеријална штета, трошоци и надоместоци.
- **Ивановска против РМ** (парничен предмет) во кој со пресуда од 15.11 2007 е утврдена повреда на правото на судење во разумен рок и досудени 2000 евра на име нематеријална штета, трошоци и надоместоци.
- **Нанков против РМ** (кривичен предмет) во кој со пресуда од 29.11 2007 е утврдена повреда на правото на судење во разумен рок и не бил досуден никаков износ.
- **Николов Златко против РМ** (парничен предмет) во кој со пресуда од 20.12 2007 е утврдена повреда на правото на фер судење и не бил досуден никаков износ.

**ПРИЛОГ 2**

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА БАРАНИ И ДОСУДЕНИ ОТШТЕТИ

| предмет | барана отштета | | | доделена отштета | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | материјална | нематеријална | трошоци | материјална | нематеријална | трошоци |
| Доцевски | 29.000 евра | 110.000 евра | 100 евра за пред ЕСЧП, 2625 адвокатски трошоци | | 3600 евра | 600 евра |
| Козаров | 10.000 марки | | | | | |
| Дика | 13 000 франци со камата | 115.000 франци со камата. Надомест за изгубена заработувачка по 3457,67 франци месечно со камата до конечна исплата, а натаму истиот износ доживотно | 10% од целокупни от износ | | | 600 евра |
| Јашар | | 35.000 евра | 16.605 за Европски центар за правата на Ромите, 4.148 за адвокатски трошоци | | 3000 евра | 5000 евра за ЕЦПР, 4.148 за адвокат |
| Стојковиќ | 31.300 евра | 135.000 евра | 5.000 евра | | 2600 евра | |
| З.Николов | 10 000 евра правична отштета | | | | | |
| Лазаревска | | 46302 евра | 4 701 евра | | | 600 евра |
| Зибери | 100 000 евра | по оцена на судот | | | 500 евра | |
| Стојанов | по процена на судот | 25.000 евра | | | 500 евра | |
| Нанков | по оцена на судот | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стојменов** | 10 331 | вкупно 220 000 евра | | | 1000 | 500 |
| **Граберска** | 50 00 евра правична отштета | | | | 1600 евра | |
| **Михајловски** | 39 600 евра | 15 000 евра | 300 | | 1300 | |
| **Ивановска** | | 100 000 евра | | | 2000 евра | |
| **Митревски** | 20 000 | | адвокатски трошоци 374 евра, трошоци пред домашн судов 465 евра | | | 248 евра |
| **Сали** | 51.085 евра | 65.573 евра | 2 150 евра | | 1 400 евра | |
| **Грозданов ски** | 3 000 000 отштета | | | | 1 500 евра | |